**Врз основа на член 64 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13 и 44/14), Министерството за култура распишува**

**К О Н К У Р С**

**за поддршка на стручно усовршување на талентирани уметници и дефицитарни стручни кадри во областа на филмот, театарот, музиката, танцот, литературата, ликовната уметност, заштитата на движното и недвижното културно наследство за 2015 година**

1. **I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

Министерството за култура ќе обезбеди средства во еднократен износ од Буџетот на Република Македонија за:

- поддршка на стручно усовршување на талентирани млади уметници и дефицитарни стручни кадри (за редовни, постдипломски и докторски студии и специјализации) во странство со приоритет на студиите што ги нема во образовниот систем во нашата земја;

- поддршка на стручно усовршување на дефицитарни стручни кадри за непосредна заштита на културното наследство и

- поддршка на стручно усовршување во странство на кадри за менаџмент и маркетинг во културата и примена на нови технологии.

**II. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Пријавувањето се врши со доставување пополнета пријава која ќе биде објавена на веб-локацијата на Министерството за култура (www.kultura.gov.mk) на денот на објавувањето на овој конкурс.

Пријавата за учество, со целокупната придружна документација, се поднесува лично во писарницата на Министерството за култура во работните денови од 9 до 16 часот или по пошта на адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје.

1. **III. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Со пријавата задолжително се доставува следнава документација:

- потврда за упис со превод на македонски јазик;

- копија од Уверение за државјанство на Република Македонија;

- потврда за висината на котизацијата или пресметка на вкупните трошоци за престој и школување;

- две писмени препораки од физичко лице (професор, ментор и слично) или од установа, здружение или правно лице кое врши дејност од областа на културата.

Документацијата доставена на Конкурсот не се враќа.

## IV. РОК НА ТРАЕЊЕ НА КОНКУРСОТ

Конкурсниот рок за поднесување на пријавите е заклучно со 31.10.2014 година.

Комисијата нема да ги разгледува следниве пријави:  доставени по истекот на рокот на Конкурсот, доставени по електронска пошта, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложена документација која задолжително се бара.

За резултатите од Конкурсот, учесниците ќе бидат известени со решение на Министерството за култура.

## V.  ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За дополнителни информации, учесниците на Конкурсот може да се обратат до Министерството за култура кај одговорниот државен службеник за соодветната дејност од областа на културата.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**П Р И Ј А В А**